Врз основа на член 49 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија", број.58/2000 и 44/2002 година), а со единствена цел воспоставување на транспарентност на финансиската поддршка која ја распределува, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

**за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на земјоделството и руралниот развој**

## 1. ПРЕДМЕТ НА ОГЛАСОТ

Предмет на овој оглас е доделување на финансиска поддршка:

**- за научно-истражувачки, апликативни и проекти во тек на имплементација од областа на земјоделството и руралниот развој кои имаат за цел:**

- Подршка во процесот на земјоделското производство;
- Подобрување на човечките ресурси во земјоделството и руралниот развој;
- Подобрување на преносот на знаењето од науката до примарните производители;
- издавање на стручни материјали од областа на земјоделството и руралниот развој (едукативни, информативни, научни и пропагандни материјали) кои имаат за цел остварување на стратешките развојни цели на МЗШВ.

## 2. ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ И МАКСИМАЛЕН ИЗНОС НА ПОДДРШКАТА

***Согласно предметот на овој јавен повик од точка 1, прифатливи трошоци се:***

- *за ангажман на експерти;*
- *трошоци за истражувања;*
- *трошоци за инвестициони вложувања за остварување на целите на проектот, а кои не се поддржуваат преку останатите програми на МЗШВ за поддршка на земјоделството и руралниот развој за 2011 година;*
- *трошоци за подготовка, дизајн, и печатење на публикации.*

Максималниот износ на поддршката по проект е 300.000,00 денари.

## 3. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на повикот имаат сите субјекти од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството (земјоделски стопанства, земјоделски задруги, јавни научни и образовни установи или институции и здруженија на граѓани и фондации).

## 4. ИЗБОР И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИТЕ

Изборот на понудените проекти ќе го изврши стручна Комисија формирана од страна на Министерот, а врз основа на евалуација на исполнување на следните критериуми:

| Критериум | Бод |
|---|---|
| Резултатите се реални и апликативни, со брзи ефекти и насочени кон остварување на дефинираните стратешки цели за развој во Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2007-2013 година | 20 |

| | |
|---|---|
| Степенот на директно и индиректно влијание врз поголем број на субјекти во земјоделскиот сектор преку послободен пристап на добрата, односно услугите од проектот | 20 |
| Реализација на проектот, врзува поголем број на партнерства, односно број на учесници | 10 |
| Поголема одржливост после реализацијата на поддршката од страна на МЗШВ | 20 |
| Поголемо сопствено или учество од други извори на финансирање | 30 |

Прифатливи се понудите кои после евалуацијата од страна на МЗШВ ќе освојат повеќе од 50 бода.

Одобрената висина на поддршката за прифатливите трошоци зависи од проценката на МЗШВ за сложеноста на проектот, и следствено реалната потреба од декларираните инпути и трошоци за негова реализација.

**5. СОДРЖИНА И ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ**

Барањето од заинтересираните корисници треба да содржи пополнета “Пријава за финансирање на проекти од областа на земјоделството и рурален развој“, со приложени следни документи:

1. Тековна состојба на апликантот од Централен регистер.
2. Изјава дека за иста намена и активности наведени во барањето не користел средства од друг орган на државна управа или други извори што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори.
3. Доказ од Централен регистер дека не е поведена стечајна и ликвидациона постапка и доказ од УЈП за платени даноци и други јавни давачки.

Барањето се доставува во еден оригинален примерок заверен и потпишан од страна на одговорното лице на субјектот со електронска верзија од барањето во прилог.

Понудата може да се достави преку пошта на адреса: Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ул. Јуриј Гагарин, бр.15, 1000 Скопје, или со предавање во архивата на министерството секој работен ден 9.00 до 15.00 часот.

Понудата се доставува во еден оригинален примерок, заверен и потпишан од страна на одговорното лице на понудувачот во затворен плик на кој на предната страна во левиот горен агол пишува “Не отворај” за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на земјоделството.

Крајниот рок на доставување на понудата е најдоцна 10 дена од денот на објавување на јавниот конкурс вклучувајќи го и денот на објавувањето. Барањата доставени пред и после предвидениот рок нема да бидат разгледувани.

Понудите кои нема да ги содржат бараните податоци и документи ќе се сметаат за некомплетни и нема да се разгледуваат.

Пријавата може да се подигне во МЗШВ или на веб страната на министерството www.mzsv.gov.mk.

Тел. за информации: ++ 389 (0)2 3 134 477

Министер,

Љупчо Димовски

**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# П Р И Ј А В А

**за финансирање на проекти од областа на земјоделството и руралниот развој**

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ И АПЛИКАНТОТ

**ВИД НА БАРАЊЕ - ПОДДРШКА ЗА** (да се заокружи):

- Научно-истражувачки и апликативни проекти
- Едукативни, информативни, научни и пропагандни материјали

**НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ:**________________________________

**ОБЛАСТ И ПОТЕСНО ПОДРАЧЈЕ НА ПРОЕКТОТ:**_____________________________

## ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕДЛАГАЧОТ/ АПЛИКАНТОТ

**НАЗИВ НА АПЛИКАНТОТ:**_____________________________

**ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:**
Адреса:

Телефон / факс: ___________________ Емаил: ______________________

**РАКОВОДИТЕЛ НА ИНСТИТУЦИЈАТА**
Име и презиме Потпис

**ОДГОВОРНО ЛИЦЕ НА ПРОЕКТОТ**
Име и презиме Потпис

**ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ – ПАРТНЕРИ ВО ПРОЕКТОТ:**_________________________

**ДАТУМ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ:** _____________ М П

## II. КРАТКА СОДРЖИНА НА ПРОЕКТОТ

На не повеќе од една страна да се набројат целите кои треба да се постигнат со проектот, очекувани резултати, активности за секој од резултатите, времетраење на проектот (почеток и крај) и бараниот износ на средства.

## III. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ – ВОВЕДНИ ИНФОРМАЦИИ

1. **ОПИС НА СОСТОЈБАТА И ПРОБЛЕМИТЕ КОИ СЕ ПРИЧИНА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ**

2. **ПРЕГЛЕД НА ДОСЕГАШНИ АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ НА АПЛИКАНТОТ ВО ОБЛАСТА НА АПЛИЦИРАЊЕ, ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ИЛИ УЧЕСТВО ВО УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И ПРОГРАМИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЦЕЛНАТА ГРУПА** (да се направи хронолошки преглед на досегашните проекти со краток опис на активностите, времетраењето, начин на учество на апликантот во проектот, извор на финасирање и износи на проектите)

## IV. УСОГЛАСЕНОСТ И ПОВРЗАНОСТ НА ПРОЕКТОТ СО СТРАТЕШКИТЕ ЦЕЛИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ И ПРИЛАГОДУВАЊЕ КОН ПОЛИТИКИТЕ НА ЕУ

3. **ОПИС НА УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРОЕКТОТ СО ЦЕЛИТЕ НА ВЛАДАТА НА НАЦИОНАЛНО НИВО, ОДНОСНО НА ЦЕЛИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЛОКАЛНО НИВО (СО ПОВРЗУВАЊЕ СО КОНКРЕТНИ СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ: НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ 2007-2013 ГОДИНА, ПРИОРИТЕТИ ОД НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА ПРИЛАГОДУВАЊЕ КОН ЗАКОНОДАВСТВТО НА ЕУ (НПАА), СТРАТЕГИИ ЗА ЛЕР И СЛ.) И/ИЛИ ДРУГИ ПОЛИТИКИ НА МЗШВ**

4. **ПОВРЗАНОСТ НА ПРОЕКТОТ СО ДРУГИ ПРОЕКТИ, ОБЛАСТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ**

## V. ОПИС НА ПРОЕКТОТ

5. **ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ**

6. **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЕКТОТ СО КВАНТИФИЦИРАНИ ИНДИКАТОРИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊЕТО НА ЦЕЛИТЕ (ЗА СЕКОЈ ОД ЦЕЛИТЕ)**

7. **ВРЕМЕНСКА РАМКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ (ПОЧЕТОК И КРАЈ)**

8. **ПЛАН НА АКТИВНОСТИ СО ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ, МЕТОДОЛОГИЈА, И ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЕКОЈА ФАЗА НА ПРОЕКТОТ**

| Активност | Очекуван резултат – оутпут од активноста | Временска рамка (од – до) | Придонес кон остварување на наведените цели од точка 5 (која цел(и)) |
|---|---|---|---|

9. **СТРУКТУРА И ПРОЦЕДУРИ НА УПРАВУВАЊЕ И АДМИНИСТРАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ**

## VI. ВЛИЈАНИЕ НА ПРОЕКТОТ

10. **ОДРЖЛИВОСТ НА ПРОЕКТОТ ПОСЛЕ ЗАВРШУВАЊЕ НА КОФИНАНСИРАЊЕ ОД СТРАНА НА МЗШВ**

11. **ЦЕЛНА ГРУПА, БРОЈ И ОПИС НА ДИРЕКТНИ И ИНДИРЕКТНИ КОРИСНИЦИ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПРОЕКТОТ, НАЧИН НА ПРЕНЕСУВАЊЕ И ПРИМЕНА НА РЕЗУЛТАТИТЕ И ОЧЕКУВАНИТЕ ЕФЕКТИ ЗА КРАЈНИТЕ КОРИСНИЦИ**

12. **ВЛИЈАНИЕ НА ПРОЕКТОТ КОН ЗАШТИТАТА И УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ЖИВОТНАТА И РАБОТНА ОКОЛИНА, ОДНОСНО КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ НА ЦЕЛНАТА ГРУПА**

## VII. БУЏЕТ НА ПРОЕКТОТ

**Во една табела да се прикажат трошоците на проектот најмалку по следниве трошковните ставки:**

**1.Хоризонтални ставки – опис на трошоци:**

- Трошоци за ангажирани експерти (број на експерти, број на денови и висина на дневница)
- Набавка на основни средства (опрема, механизација, објекти, и сл.)
- Трошоци за услуги (техничка поддршка, софтвер, обуки, и сл.)
- Набавка на обртни средства
- Материјални трошоци за имплементација на проектот
- Друго (да се дополни доколку не е опфатено со погоре даденети ставки).

**2. Вертикални ставки - според извори на средства:**

- Сопствено учество на апликантот
- Учество на партнерите
- Останати извори на финансирање (да се наведат секој поединечно)
- Средства кои се бараат